Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 04.01.2020

На 03.01.2020 од 16.30 до 17.40 часот во Штип, при извршен претрес во домот и помошните простории на М.Б.(44) од Штип, по претходна судска наредба, од страна полициски службеници биле пронајдени автоматска пушка „хеклер" калибар 9х19мм, малокалибарска пушка, пушка-карабин „симун", пиштол „бровинг" калибар 9 мм, револвер „гранд" калибар 22 мм, револвер „таурус", 1.119 парчиња куршуми различен калибар, како и разновидна дополнителна опрема за оружјето (оптички нишан, пригушувач и друго). Поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи", казниво по чл.396 од КЗ на РСМ, тој бил приведен во полициска станица, а пронајдените предмети се одземени. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.01.2020 во 21.50 часот, полициски службеници од СВР Тетово на ул. „Борис Кидрич" во Тетово го лишиле од слобода С.С.(31) од с.Долно Седларце, тетовско, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 03.12.2020 во 09,15 часот било пријавено дека на магистралниот пат Ресен – Охрид, А.А.(30) од Прилеп, управувајќи патничко возило „рено меган", со прилепски регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и излетал надвор од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.А., а со телесни повреди се здобила сопатничката Е.С.(19) од с.Ропотово, прилепско, по што биле пренесни во Општата болница Охрид за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Охрид.

На 03.01.2020 во 12.45 часот во Полициската станица Гази Баба Д.Н.(72) од Скопје пријавил дека во с.Јурумлери, скопско, бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 03.01.2020 во 12.00 часот на влез во Р.С.Македонија, на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, при извршена пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција на А.Б.(40) од Косово, било констатирано дека од граничните шведски власти му бил одбиен влезот и бил вратен назад во Р.С.Македонија, поради тоа што користел фалсификувана норвешка шенген виза за влез во ЕУ. Тој бил приведен во полициска станица за понатамошна постапка.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.Н.(45) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање на промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 26.10.2019 на ул.„Маршал Тито" во Струмица, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.А.(23) од Арачиново, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 18.09.2019 во с.Никуштак, општина Липково, пријавениот со товарно возило „мерцедес", без лиценца, вршел јавен превоз на огревно дрво со испратница издадена од фирма од с.Гошинце, општина Липково.
На 03.01.2020 во 14.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Х.А.(65) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓорче Петров" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.И.(31) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги". На 14.08.2019 во затворска ќелија во Казнено – поправниот дом Штип, пријавениот набавил марихуана и им овозможил да конзумираат и на останатите тројца осуденици во истата просторија.

На 03.01.2020 во 20.10 часот во Полициската станица Центар, Б.М.(38) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот на кеј „13 Ноември" неколку малолетници со закана одзеле лични работи од 15-годишен малолетник од Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.01.2020 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Андреа Зограф" настанал пожар во барака во која била сместена Месната заедница „Дексион". Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита. Повредени нема, а увид ќе се врши во текот на денот.

На 03.01.2020 во 13.00 часот во Полициската станица Бит Пазар Ф.Ф.(24) од Скопје пријавил дека на 02.01.2020 околу 23.00 часот на ул.„Битпазарска" бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.01.2020 во 21.40 часот во СВР Скопје од Бригадата за противпожарна заштита било пријавено дека во на ридот во атар над с.Страчинци, скопско, настанал пожар во викенд-куќичка на ловно друштво. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 03.01.2020 во 20.15 часот во Полициската станица Центар А.Г.(45) од Скопје пријавила дека околу 18.50 часот на ул.„11 Октомври" во паркот „Жена борец", три лица со закана одзеле пари од нејзиниот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.01.2020 во 23.00 часот во Полициското одделение Теарце Ј.Ц. (40) од с.Слатино пријавил дека во угостителски објект во село Слатино, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.Ј.(63) од истото село. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.01.2020 во 23.00 часот во с.Ростуше, пред угостителски објект, по претходна расправија помеѓу А.Ј.(18)од с.Жировница и М.Т. од с.Ростуше, дошло меѓусебна пресметка помеѓу А.Ј. и М.С.(39) од Ростуше, син на М.Т.. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.01.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Кисела Вода Д.С.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Локов" од залутано зрно му било оштетено патничко возило „хонда цивик", со скопски регистарски ознаки. Извршен бил увид.

На 03.01.2020 во 11.00 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул. „Васко Карангелевски" во Битола, во рибарница во склоп на пазарот, настанал пожар поради експлозија на плинска боца. Вработената А.К.Т.(28) од Битола била префрлена во Клиничката болница Битола, после што била уштена дома. Пожарот бил изгаснат од Територијална противпожарна единица Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 03.01.2020 во 17.20 часот во СВР Тетово Б.И.(26) од с.Порој пријавил дека околу 16.20 часот во работниот објект на пријавителот во с.Порој, М.А. од истото село, по вербална расправија поради нерасчистени должничко-доверителски односи, му му упатил закани кон него и неговото семејство со огнено оружје. Се работи на целосно расчистување на случајот.